# МИСЛЕЊА 2021

**ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ**

**1. Во кои случаи и кои договорни органи можат да го применат исклучокот предвиден во член 23 став 1 точка 3 алинеја б) од законот и дали истиот се однесува и на набавките на техничка опрема за продукција на програмата?**

Согласно со член 23 став 1 точка 3 алинеја б) од законот, одредбите од Законот за јавните набавки не се применуваат на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги кои ги доделуваат даватели на аудиовизуелни или радиски услуги.

Со горенаведената одредба јасно е предвидено дека законот не се применува при купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали кои се наменети за емитување, единствено во случаите кога договорниот орган преставува давател на аудиовизуелни или радиски услуги.

Притоа, значењето на поимот програмски материјали употребен во горенаведената одредба е дефиниран со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени согласно овој закон.

Имено, при доделување на договори за јавна набавка на одредени аудиовизуелни и радиски услуги од страна на давателите на медиумски услуги, во предвид треба да се имаат аспектите од културно или општествено значење кои ја прават примената на правилата за јавни набавки несоодветна. Поради овие причини, воведен е исклучок кој се однесува на договорите за јавни набавки што ги доделуваат даватели на медиумски услуги за купување, развој, продукција или копродукција на редовни програмски материјали наменети за аудиовизуелни или радиски услуги и други подготвителни активности, како што се оние поврзани со уметнички изведби и сценарија неопходни за производство на програмата. Исто така, овој исклучок се однесува и на термините за радио или телевизиско емитување на програма. Меѓутоа, овој исклучок не се однесува на набавката на техничка опрема неопходна за производство, копродукција и емитување на такви програми.

**2. Како да постапиме при реализација на проекти финансирани од меѓународни организации (каде ни се доделуваат грантови или се префрлаат парични сретства во вид на донација), а донаторот има воспоставена своја динамика на набавка на предвидените стоки, работи и услуги и ги има пропишано техничките спецификации. Дали во горенаведената ситуација имаме обврска да постапиме согласно Законот за јавни набавки или може да се изврши директно плаќање на предвидените стоки, работи или услуги притоа имајќи предвид дека префрлените парични сретства се на наша сметка?**

Одредбите од Законот за јавните набавки согласно со член 23 став 1 точка 2, не се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение кои ги спроведува или организира договорниот орган според правилата на меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, кога договорот или конкурсот е целосно финансиран од меѓународната организација или меѓународната финансиска институција. Во случај кога договорот или конкурсот е во поголема мера кофинансиран од меѓународна организација или меѓународна финансиска институција, договорниот орган и организацијата, односно институцијата се договараат кои правила ќе се користат.

Од изнесеното произлегува дека, на постапките за јавни набавки кои се целосно финансирани од страна на меѓународни организации кои имаат посебни правила за доделување на договори за јавни набавки, нема да се применат одредбите од Законот за јавните набавки. Во случај кога постапката за јавна набавка се финансира комбинирано, со

средства од меѓународна организација и средства од договорниот орган, договорниот орган и организацијата се договараат кои правила ќе се користат.

Истовремено, укажуваме дека ако постапките за јавни набавки се целосно финансирани од страна на меѓународни организации кои немаат посебни правила за доделување на договори за јавни набавки, ќе се применат одредбите од Законот за јавните набавки.

**ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**<u>ВРЕДНОСНИ ПРАГОВИ ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ</u>**

**1. За потреби на сопствена кујна договорниот орган треба да набави месо (телешко, свинско, јагнешко, козјо месо и пилиња). Дали договорниот орган може да го искористи членот 40 став 1 точка а) и да набави телешко месо за 999 евра, свинско месо за 999 евра, јагнешко месо за 999 евра, козјо месо за 999 евра и пилиња (пилешко месо) за 999 евра во денарска противвредност без ДДВ, а да не спроведе постапка за јавна набавка?**

Вредносните прагови утврдени во член 40 став 1 точка а) и точка б) од законот, не се однесуваат на месечно ниво, туку на предметот на набавка, а вашиот пример се однесува на ист предмет на набавка кој не може да се дели (без оглед дали станува збор за свинско, јагнешко, овчо месо или друг вид на месо).

Имено, договорниот орган во предвид треба да ги има ставовите 2 и 3 од член 40 од законот, односно не смее да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање пониска вредност од реалната вредност на набавката со цел да се избегне спроведување на одредена постапка утврдена со законот, и не смее да врши делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да ја избегне примената на законот.

Следствено на изнесеното, во конкретниов случај во зависност од проценетата вредност на набавката треба да се спроведе соодветна постапка за јавна набавка.

**<u>ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ</u>**

**1. Договорниот орган спроведе поедноставена отворена постапка. По евалуацијата на пристигнатите понуди се донесе одлука за избор и се известени понудувачите кои учествуваа во постапката. Пред пристапување кон склучување на договор со избраните понудувачи, се утврди дека е направен пропуст, односно од понудувачите чии понуди се оценети за најповолни (станува збор за деллива постапка), не се побарани документите за докажување на способноста. Дали може документите за докажување на бараната способност да им се побараат дополнително да ги достават на меил?**

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став 3 од законот, во прилог на понудата економските оператори доставуваат изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. Следствено на изнесеново, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

При тоа, изјавата се однесува на сите документи со кои економскиот оператор го докажува исполнувањето на условите за квалитативен избор кои биле барани во тендерската документација.

Согласно ставот 4 од член 49 од законот, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

Согласно член 2 став 1 точка 11 од законот, еден од условите за да една понуда се смета за прифатлива е истата да ги исполнува условите за утврдување способност односно „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување

способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Од изнесеново произлегува дека договорниот орган пропуштил да преземе пропишано дејствије, односно пропуштил пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, да побара од економските оператори чии понуди се оценети за најповолни да ги достават документите за утврдување способност и на тој начин да ја потврдат вистинитоста на дадената изјава. Имено, доставените изјави за докажување на способноста не ослободува од обврската (договорниот орган да побара), а економските оператори да ги достават документите за утврдување на способност, ако понудите на истите биле оценети за најповолни.

Оттука, сметаме дека договорниот орган извршил пропуст при спроведување на постапката за јавна набавка и треба да ја поништи постапката за јавна набавка согласно член 114 став (1) од законот.

**2. Кај поедноставена отворена постапка каде што како начини за спроведување на постапката е предвидена е-аукција, дали документите за докажување на способноста може да се побарат пред закажување на е-аукција?**

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со ставот 4 од член 49 од Законот за јавни набавки, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.

Од погоре наведената одредба произлегува дека документите за докажување на способност се бараат по одржување на е-аукцијата, од понудувач чија понуда е најповолна.

**3. Во поедноставена отворена постапка, дали Изјавата за докажување на способност се однесува и на Стандардите за системи за квалитет?**

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став 3 од законот, во прилог на понудата економските оператори доставуваат изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност. Од оваа одредба произлегува дека економскиот оператор заедно со понудата може да достави изјава за докажување на способноста или пак сите документи за утврдување на способност кои се бараат во тендерската документација. При тоа изјавата ги опфаќа сите услови за утврдување на способност односно причините за исклучување од постапката, условите за квалитативен избор и стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животна средина.

**4. Во поедноставена отворена постапка, економскиот оператор бараната способност ја докажува само со изјавата за докажување на способност. Но, изјавата не ги покрива документите потребни за оценка на квалитетот на она што се нуди. Оттука, дали треба да се побара ИСО стандардот пред прифаќање на понудата, бидејќи е баран во тендерската документација?**

Законот дава можност во соодветни случаи каде што природата на предметот на договорот за набавка го оправдува користењето на стандардите за системи за квалитет и/или стандардите за управување со животната средина, договорниот орган да бара од економските оператори да се придржуваат кон тие стандарди. Со нив се потврдува дека понудувачот се придржува на определени стандарди за системи на квалитет или за управување со животната средина за целокупниот производствен или деловен процес, односно со нив се потврдува дека деловниот, односно производниот процес кај економскиот оператор е контролиран.

Изјавата за докажување на способност се однесува на сите документи со кои економскиот оператор го докажува исполнувањето на условите за квалитетивен избор кои биле барани во тендерската документација а кои произлегуваат од членовите 90, 91 и 92, како

и на стандардите за системи за квалитет и стандардите за управување со животната средина утврдени во членовите 93 и 94.

Од друга страна, доказите со кои во постапките за јавни набавки, се докажува техничката и професионалната способност на економскиот оператор се пропишани со член 95 став 8 од законот.

Следствено на изнесеното, а во однос на вашето прашање, сметаме дека договорниот орган во тендерската документација требало да бара Исо стандард за утврдување на способност, а не како критериум за утврдување на квалитет.

## ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**1. Договорниот орган спровел постапка за јавна набавка на работи со склучување на рамковна спогодба со повеќе економски оператори со повторно прибирање на понуди. Рамковната спогодба (за предметната набавка) е склучена на износ од 50.000.000,00 денари, но износот на склучените поединечни договори ќе ја надмине таа сума, меѓутоа реализираните средства по тие договори нема да ја надмине сумата од рамковната спогодба. Дали законот дозволува склучените поединечни договори да ја надминат предвидената вредност но реализираните средства да се во границите на предвидените средства?**

Рамковната спогодба претставува писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини.

Рамковната спогодба (исто како и договорот за јавна набавка) се склучува и извршува согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понудата.

Воедно, договорните органи согласно со прописите со кои се уредува финансиската дисциплина се должни јавните средства да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Договорните органи не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот, односно обезбедени со финансискиот план или инвестиционата програма.

Оттука, поединечните договори за јавна набавка кои ќе се доделат во текот на времетраењето на рамковната спогодба, не треба да ја надминуваат вкупната вредност на која е склучена рамковната спогодба.

## ОГЛАСИ И ИЗВЕСТУВАЊА

**1. При објавување на Известување за склучен договор/Рамковна спогодба, во полето „вредност на склучениот договор без вклучен ДДВ", се внесува проценетата вредност на набавката без вклучен ДДВ, или се внесува постигнатата конечна единечна цена, по завршената е-аукција?**

Договорниот орган согласно член 70 став (8) од законот, пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН, за сите склучени договори по спроведени постапки за јавни набавки согласно член 47 од законот, освен за набавките со вредност под вредносите прагови за кои договорниот орган единствено има обврска да ги внесува во кварталната евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.

При објавувањето на Известување за склучен договор на Електронскиот систем за јавни набавки, се внесува точната вредност на склучениот договор.

Договорниот орган е тој кој треба да одлучи дали договорот (имајќи го предвид предметот на набавка и условите утврдени со тендерската документација), ќе го склучи на проценетата вредност (т.е вредност определена со одлуката) или на добиената понуда.

**2. При објавување на Известување за реализиран договор за Рамковни постапки, на кој начин на системот да ја изберам кварталната евиденција за реализиран договор, за да можам да го објавам известувањето, бидејќи системот не го дозволува тоа?**

Доколку станува збор за рамковна спогодба се избира основното известување за склучен договор за рамковната спогодба, по што е потребно да се одбере конкретниот договор претходно внесен во квартална евиденција. Известување за реализиран договор кај рамковните спогодби не се пополнува за основното известување за рамковната спогодба, туку поединечно за секој договор (мини тендер) внесен во кварталните евиденции. Оттаму, при пополнување во овој панел, по одбирање на конкретната постапка се прикажуваат сите внесени договори (мини тендери) од кварталните евиденции за таа постапка, а корисникот одбира за кој договор ќе ја пополнува реализацијата.

**3. Дали е задолжително објавувањето на Известување за реализиран договор за постапки кои се спроведени без претходно објавен оглас (Квартални евиденции под вредносните прагови, Посебни услуги објавени во квартална евиденција, Постапки со преговарање без објавување на оглас и други видови постапки)?**

Договорниот орган согласно член 70 став (8) од законот, пополнува известување за реализиран договор во ЕСЈН, за сите склучени договори по спроведени постапки за јавни набавки согласно член 47 од законот, освен за набавките со вредност под вредносите прагови за кои договорниот орган единствено има обврска да ги внесува во кварталната евиденција која е јавно достапна на ЕСЈН.

## ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

**1. На договорниот орган по објавување на годишниот план за јавни набавки, на донаторска сметка му се префрлени пари од проект преку Фондот за иновации. Се работи за сума од 130.000 денари. Дали набавките (лаптоп, проектор, смарт табла и печатар) кои ќе се реализираат со овие средства кои се на донаторската сметка треба да се предвидат во годишниот план за јавни набавки?**

Со оглед на фактот дека спроведувањето на постапки за јавни набавки има за цел купување или стекнување стоки, услуги или работи кои се неопходни за навремено извршување на надлежностите на договорните органи, истите согласно со член 75 став 1 од законот, врз основа на планираните извори за финансирање, донесуваат план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Од друга страна, одредбите на Законот за јавни набавки се применуваат на постапки за јавни набавки и на конкурси за избор на идејно решение чија проценета вредност без данокот на додадена вредност е еднаква или поголема од вредностите наведени во член 40 став 1 точка а) и точка б), односно 1000/5000/10000 за договорни органи од класичниот јавен сектор. За јавните набавки и конкурси за избор на идејно решение со проценета вредност под пропишаните вредносни прагови, не се применуваат одредбите од законот, и истите договорниот орган не ги внесува во Годишниот план за јавни набавки.

За набавките под вредносните прагови пожелно е договорниот орган да донесе интерна процедура во која јасно ќе утврди како истите ќе се спроведуваат (до кого ќе се поднесува барањето за наведените набавки, кој ќе ги одобрува, кој ќе ја води евиденцијата и сл).

Сепак, треба да се има предивид дека договорниот орган не смее да користи методи за пресметување на проценетата вредност на договорите за добивање пониска вредност од реалната вредност на набавката, со цел да се избегне одредена постапка утврдена со овој закон, ниту пак да врши делење на набавките на повеќе посебни набавки со пониска вредност со цел да се избегне примената на овој закон.

Во однос на прашањето, за средствата кои ви биле префрлени на донаторска сметка, односно добиени од проект преку Фондот за иновации, ве известуваме дека и овие средства треба да се трошат во согласност со Законот за јавните набавки.

Оттука, а имајќи ја предвид проценетата вредност на потребата (која планирате да ја задоволите со користење на наведените средства), ќе треба да спроведете соодветна постапка за набавка. Ако потребата од набавка не е внесена во Годишниот план за јавни набавки, ќе треба да пристапите кон измена на истиот.

Во однос на висината на вредносните прагови наведени во член 40 став 1 точка а) од законот, треба да се има предвид дека истите не се однесуваат на месечно ниво туку на предмет на набавка. На пример, за набавка на услуги за печатење во март сте исплатиле износ од 200 евра, во јули 400 евра, што значи дека до крајот на годината за услуги за печатење може да потрошите уште 399 евра во денарска против вредност.

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**1. Како треба да се постапи при склучување на договор со второ рангираниот понудувач, имајќи предвид дека договорот со избраниот понудувач е раскинат поради ненавремено отпочнување со реализација. Дали е потребно да се донесе нова Одлука за избор и да се состави нов извештај од страна на комисијата?**

Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот во тој случај договорниот орган ќе треба да донесе нова одлука за избор (под услов цената на следнорангираниот понудувач да не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда). Во оваа нова одлука ќе треба да се утврди дека е исполнет основот од член 101 став 6 алинеја 3 од законот, за издавање на негативна референца на понудувачот кој одбива да го склучи договорот.

Доколку договорниот орган еднострано го раскине договорот за јавна набавка со избраниот понудувач заради ненавремено или неквалитетно извршување, истиот може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда. Во овој случај, договорниот орган не е обврзан да донесе нова одлука за избор на најповолна понуда но, еднostраното раскинување на договорот треба соодветно да го аргументира, а исто така и исполнетоста на условот за примена на член 112 став 5 од законот.

**2. Понудувачот кој беше прво рангиран по спроведената аукција и по донесена одлука за избор од страна на одговорното лице, одбива да го потпише договорот бидејќи немал доволно време за извршување. Како да постапиме?**

Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, согласно со член 112 став 5 од законот, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

Наведенава одредба претставува можност за договорниот орган (не обврска) која може да ја искористи (ако се исполнети пропишаните услови), но не мора.

Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот во тој случај договорниот орган ќе треба да донесе нова одлука за избор (под услов цената на следнорангираниот понудувач да не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда). Во оваа нова одлука ќе треба да се утврди дека е исполнет основот од член 101 став 6 алинеја 3 од законот, за издавање на негативна референца на понудувачот кој одбива да го склучи договорот.

Воедно, доколку периодот на важност на понудата на следниот рангиран понудувач е истечен, договорниот орган ќе треба на писмено да обезбеди потврда од понудувачот дека останува на условите и цените дадени во понудата.

**3. Во која фаза од постапката понудувачите можат да ги разгледаат понудите на другите понудувачи?**

По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, согласно со член 113 став (5) од законот, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

Оттука, економските оператори имаат право на увид на целата документација од постапката во период по достава на одлуката за избор/поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба.

## КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**1. Дали може лице вработено во друга институција, а ангажирано од наша страна по договор да биде претседател/член на комисија за јавна набавка во нашата институција?**

Со член 79 од законот, се пропишуваат работите кои комисијата во зависност од видот на постапката ги врши, се задолжуваат членовите на истата да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, а бројот на членови мора да е непарен.

Имајќи предвид, дека законот не воспоставува други услови како на пример формата на работниот однос, кои членовите на комисијата треба да го засноваат со договорниот орган, во предвид треба да се имаат и материјалните прописи со кои се регулира работниот однос и правата и обврските кои произлегуваат од него, како и материјалните прописи врз основа на кои се ангажирани тие лица.

Иако законот не воспоставува други услови кои се однесуваат на претседателот и членовите на комисијата, а со оглед на фактот дека по извршената евалуација, комисијата изготвува предлог за избор на најповолна понуда кој одговорното лице е должно да го прифати (освен ако утврди дека предлогот е изготвен спротивно на одредбите на овој закон), сметаме дека за претседател и членови на комисијата треба да се назначуваат лица кои имаат експертско знаење за предметот на набавка и интегритет и евалуацијата на понудите ќе ја извршат во согласност со одредбите од законот.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**1. Во постапка за набавка на услуги за одржување на товарни моторни возила, во тендерската документација е предвидена посета на локација, односно можност економските оператори да извршат увид на типот и бројот на товарни возила. Дали рокот за поднесување на понудите требало да биде продолжен или не?**

Во случај кога е потребна посета на локација или преглед на придружната документација кон тендерската документација, согласно со член 86 став 2 од законот, крајниот рок за поднесување на понудите мора да биде подолг од минималните рокови за спроведување на постапките од членот 47 на овој закон, со цел да им овозможи на сите економски оператори да се запознаат со сите информации потребни за подготовка на понудите.

Од наведенава одредба произлегува дека во случај кога договорниот орган во тендерската документација предвидува посета на локација за конкретната постапка, тогаш крајниот рок за поднесување на понудите, задолжително е подолг од минималниот рок пропишан за видот на постапката која ја спроведува. Целта на продолжувањето на рокот е потенцијалните понудувачи откако се запознале со фактичката состојба и ги добиле потребните информации да имаат доволно време за подготовка на понудите.

Имено, Законот експлицитно пропишал дека доколку договорниот орган во тендерската документација предвидува посета на локација за конкретната постапка, крајниот рок за

поднесување на понудите, задолжително мора да е подолг од минималниот рок пропишан за видот на постапката која ја спроведува.

Согласно горенведеното, сметаме дека договорниот орган треба да ја поништи постапката за јавна набавка согласно член 114 став (1) алинеја 5 од законот, при што треба да наведе дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.

**2. Поимот „еквивалентно“ е дефиниран со член 2 став 1 точка 33 од законот. Во техничката спецификација за бараната стока која се состои од повеќе ставки кај една од ставките е наведено или еквивалентно. Дали доколку понудувачот понуди еквивалентно на бараното, тоа треба да го докаже со документи, односно како комисијата ќе утврди дека истото е еквивалентно?**

Доколку економскиот оператор понуди еквивалентна стока, како во конкретниот случај, товарот на докажување на сообразноста на тие стоки со стоките што кои ги бара договорниот орган паѓа на економскиот оператор.

Договорниот орган согласно со член 84 од законот, може да побара од економските оператори да приложат извештај за тестирање од тело за оценка на сообразност или сертификат издаден од такво тело, како доказ за сообразност со барањата или критериумите утврдени во техничките спецификации. Се претпоставува дека стоките или услугите за кои понудувачот поседува извештај за тестирање, ги исполнуваат условите утврдени во техничките спецификации. Меѓутоа, исто така треба да се има предвид, дека договорниот орган не може да инсистира само на извештаите за тестирање како доказ дека стоката или услугата ги исполнува барањата од техничката спецификација. Тој мора да ги прифати сите други начини на докажување. Но, и во овој случај товарот на докажување на сообразноста на тоа што се нуди со условите на техничките спецификации е на економскиот оператор.

## <u>УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ</u>

**1. Колку изнесува временскиот рок, односно до кога одреден економски оператор би можел да биде исклучен согласно член 88 став 4 под б) од законот. Дали немањето на прецизен рок значи дека економскиот оператор засекогаш би требало да го исклучиме од сите наши наредни постапки?**

Договорниот орган, согласно член 88 став (4) точка б) од законот, го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган. Но, за да може да се искористи овој основ за исклучување, истиот мора да биде наведен во тендерската документација.

Овој основ претставува заштита од несериозни носители на набавката, кои покажале значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки со кои договорниот орган има или имал склучено договори. Како доказ за исполнетоста на овој услов може да се користи документ за еднострано раскинување на договорот, активација на гаранција за квалитетно извршување на договорот, барање за исплата на оштета и сл.

Законот изречно не го пропишал временскиот рок до кога економскиот оператор може да биде исклучен по овој основ.

Оттука, одлука за тоа треба да донесе самиот договорен орган. Но донесената одлука треба да се темели врз основа на претходна анализа која е застапеноста на пазарот од ваков вид на понудувачи, како и можноста економскиот оператор откако бил санкциониран да го поправил своето однесување.

Од сето ова, сметаме дека одлуката на договорниот орган треба да биде донесена согласно начелата за јавните набавки наведени во член 3 став (1) од законот, и при тоа да се има предвид дека времетраењето на исклучување на економскиот оператор од идни постапки, не би смеело да доведе до дисторзија на пазарот и нарушување на конкуренцијата, како и нееднаков третман на економските оператори и несразмерност.

**2. Дали барањето „економскиот оператор да достави каталог или упатство за работа преведено на македонски јазик за понудениот апарат“ (од кој ќе може да се утврди дека во целост ги исполнува техничките и функционалните карактеристики), како и барањето „во каталогот/упатството за работа задолжително да бидат јасно обележени со маркер оние технички карактеристики кои се барани во техничката спецификација“, договорниот орган може да го наведе и како услов за квалитативен избор на економскиот оператор во делот на техничката и професионалната способност и како дел од техничката спецификација?**

Со техничките спецификации согласно со член 82 став 4 од законот, се дефинираат потребните карактеристики на стоките, услугите или работите. Овие карактеристики може да се однесуваат и на одреден процес или метод на производство или обезбедување на бараните стоки, услуги или работи, или на одреден процес од друга фаза во нивниот животен век, дури и доколку таквите фактори не се составен дел од нивната материјална содржина, под услов карактеристиките да се поврзани со предметот на набавка како и да бидат сразмерни со вредноста и целите на набавката.

Согласно со ставот 11 од горенаведениот член, понудувачот во својата понуда мора со сите соодветни средства, вклучувајќи ги и оние од членот 84 од овој закон, да докаже дека стоките, услугите или работите што се во согласност со стандардот ги исполнуваат условите за извршување или функционални карактеристики одредени од страна на договорниот орган.

Од наведеново произлегува дека при евалуација на техничката понуда треба да се прифатат сите соодветни докази преку кои комисијата може да утврди дека понудените стоки, услуги или работи се во согласност со дефинираните технички спецификации.

Од друга страна, во постапката за јавна набавка договорниот орган има обврска да ја утврди способноста на економските оператори. При утврдување на способноста на економските оператори, договорниот орган утврдува дали постојат причини за исклучување од постапката и дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во членовите 89, 90, 91 и 92 од овој закон.

Како еден од условите за квалитативен избор на економските оператори може да биде и техничката или професионалната способност. Доколку, договорниот орган го користи овој услов треба да утврди минимални услови кои економските оператори треба да ги исполната за да се увери дека ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот.

Доказите со кои во постапките за јавни набавки, се докажува техничката и професионалната способност на економскиот оператор се пропишани со член 95 став 8 од законот.

Така, согласно со член 95 став 8 под ј) во постапката, техничката и професионалната способност на економскиот оператор во однос на стоките што треба да се набават, може да се докаже со:

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган и

- сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

Од наведеново произлегува дека во случај на набавка на стоки, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност на економските оператори, договорниот орган како доказ може да бара мостри, опис и/или фотографии на производи, како и/или сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност. Со помош на овие докази ќе се утврди дека економскиот оператор ја има потребната техничка и професионална способност да ја произведе стоката која се бара, односно ќе се утврди процесот или метод на кој се произведува стоката која се набавува.

Оттука, во зависност од предметот на набавка (негова специфичност, комплексност и сл.) треба да одлучите дали при утврдување на условите за квалитативен избор на економските оператори, ќе ја утврдувате и техничката или професионалната способност, и дали и кои докази ќе ги барате за докажување на истата. Од друга страна, комисијата во фазата на евалуација треба да ги прифати сите соодветни докази преку кои ќе утврди дека понудените стоки, услуги или работи се во согласност со дефинираните технички спецификации.

**3. Дали мострите може да се предвидат како дел од техничките спецификации согласно член 82 од законот, од причина што во постапките од мала вредност , освен способноста за вршење професионална дејност не смее да се утврдуваат други услови за способност?**

Во случај на јавна набавка на стоки или услуги со техничките спецификации согласно со член 2 став 1 точка 27 од законот, се дефинираат карактеристиките на производот или услугата, како што се ниво на квалитет, влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, користење на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и релевантните барања за производот во однос на називот под кој се продава, терминологијата, симболите, тестирањата и методите за тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на стоките или услугите, како и постапки за оценување на сообразноста.

Следствено на изнесеново, доколку сметате дека барањето на мостри е во функција на утврдување на карактеристиките на предметот на набавка би можеле истите да ги побарате во рамки на техничките спецификации. Сепак, треба да имате предвид дека техничката спецификација се изготвува на начин кој ќе ја поттикне конкуренцијата, односно предметот на набавка треба да се опише на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

## <u>КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ</u>

**1. Договорниот орган има потреба од набавка на услуги - изнајмување на цистерни, а како минимален услов со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните технички ресурси за квалитетно извршување на договорот бара економскиот оператор да има на располагање цистерни. Економскиот оператор доставува договор за деловно техничка соработка со друг субјект за да докаже дека располага со цистерна. Дали ова се смета за користење на способност од друг субјект?**

Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

При тоа, договорниот орган согласно со член 92 став 1 од законот, може да утврди минимални услови со кои ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните човечки и технички ресурси за квалитетно извршување на договорот. Сепак, предвид треба да се има дека договорниот орган, во постапката за јавна набавка ги вклучува само оние услови што се неопходни за да се увери дека економскиот оператор е способен да го изврши договорот, при што сите услови мора да се директно поврзани и сразмерни со предметот на јавната набавка,

неговата сложеност и вредност, односно на делот од предметот на набавка кај деливите набавки.

Доколку договорниот орган смета дека економскиот оператор треба да има соодветни технички ресурси како на пр., цистерни, како доказ за исполнетост на ова минимално барање може согласно со член 95 став 8 точка ѕ) од законот, да бара изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот.

Ако економскиот оператор ја нема на располагање бараната опрема истиот може да ја користи способноста (техничките ресурси) на други субјекти на начин предвиден во член 96 од законот.

**2. Кај поедноставена отворена постапка економскиот оператор способноста може да ја докажува со изјава. Дали оваа изјава ја покрива и способноста на субјектот чија способност ја користи економскиот оператор или субјекотот кој дава поддршка истот така треба да достави ваква изјава?**

Со оглед дека способноста кај поедноставената отворена постапка се докажува со изјава за способност или со документација за утврдување способност, субјектот кој ја дава поддршката треба да постапи на ист начин како и понудувачот, односно во понудата треба да има изјава за способност од субјектот што дава поддршка. Изјавата за способност на понудувачот не ја опфаќа способноста на субјектот кој дава поддршка.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

**1. Дали може договорниот орган, во фаза на евалуација на понудите, да побара од понудувачите дополнителен документ (јасен доказ) врз основа на кој ќе изврши евалуација на елементот квалитет, од причина што претходно доставените документи не овозможуваат ефикасен преглед и евалуација на понудите?**

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно со член 109 став (2) и (4) од законот, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Со бараните појаснувања или дополнувања не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки. Истовремено, со бараните појаснувања или дополнувања комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор.

Имајќи го предвид горенаведеното, потребно е комисијата врз основа на фактичката состојба, да утврди дали ќе се побара појаснување или дополнување на документите, при тоа внимавајќи со доставеното појаснување или дополнување да не се смени техничката и финансиска понуда.

Воедно, препорачуваме при изготвување на тендерските документации во кои договорниот орган одлучил да го оценува критериумот квалитет, договорниот орган да напомене дека економскиот оператор треба да ги достави потребните документи кои комисијата ќе ги оценува при евалуација на доставените понуди. Имено, во случај кога се спроведува поедноставена отворена постапка не е доволно да се достави само изјава дека понудувачот ги поседува бараните документи.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

**1. Дали при спроведена судска постапка и добиена правосилна пресуда каде економскиот оператор докажал дека издадената негативна референца е неоснована има право**

**економскиот оператор на надомест на претрпена штета, на која висина и на кој начин истата би ја докажал?**

Во врска со надомест на штета ве упатуваме и на член 171 од законот каде е наведено дека секое лице што претрпело штета поради повреда на овој закон има право на надомест на штета пред надлежниот суд согласно со општите прописи за надоместок на штета, односно согласно со Законот за облигационите односи.

## ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

**1. Дали може договорниот орган да побара корекција на доставен динамичен план кој е задолжитлен елемент на понудата, (истиот не соодвестува со временскиот период даден во тендерската (направен пропуст)? Во нашиот случај, договорниот орган не исклучи од постапката и не не повика на е-аукција, без да побара исправка на истиот?**

Согласно член 109 став (2) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, при што комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.

Согласно член 109 став (4) од законот, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Имајќи го предвид наведеното, цениме дека, доколку не станува збор за аритметичка грешка, комисијата не смее да бара, нуди или да дозволи никакви промени во финансиската и техничката понуда, која се изготвува согласно барањата од тендерската документација, вклучително и динамичниот план.

**2. Дали при доставување на групна понуда кога носителот на набавката е странска фирма а другата фирма е поддружница на странската фирма потребно е двата правни субјекти да достават изјава за сериозност на понудата или тоа може да биде наведено во договорот за групна понуда кој ќе ја потпише изјавата за сериозност?**

Изјавата за сериозност претставува алтернатива на гаранцијата на понуда во форма на банкарска гаранција. Истата е воведена со цел зголемување на конкуренцијата во постапките, бидејќи ќе се избегне барањето на банкарски гаранции, и ќе се намалат трошоците на понудувачите.

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став (2) од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата.

Составен дел на групна понуда согласно со член 106 став (5) од законот, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Овие податоци се законскиот минимум кој треба да биде содржан во договорот за групна понуда.

Воедно, алинејата 5 од став (5) на член 106, дава можност од страна на договорниот орган да бидат побарани и други елементи.

Оттука, групата економски оператори во договор за поднесување групна понуда треба да наведат кој во име на групата ќе ја поднесе изјавата за сериозност. Дали тоа ќе биде носителот на набавката или некој друг член.

## ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**1. На јавното отворање со член 108 од законот, е пропишано што се чита, и дека на истото може да присутвуваат овластени претставници од економските оператори и да даваат забелешки. Дали овластените претставници може да поставуваат прашања во врска со марката/моделот на понудените стоки, поедничената цена или одредени карактеристики на истите, ако се има предвид дека на јавно отварање не се оценува техничката и финансиската понуда?**

Во моментот на отпочнување на отворањето на понудите, согласно член 108 став (4) од законот, ЕСЈН на понудувачите преку модулот за следење на јавното отворање им овозможува пристап до: бројот на огласот за кој е поднесена секоја понуда; името на понудувачот/понудувачите во случај на групна понуда; краток опис, бренд, марка или ознака и цената на понудата и валутата во која е искажана понудата.

Истовремено, записникот од јавното отварање на понудите, треба да ги содржи следниве податоци: назив на договорниот орган, времето на отворање на понудите, повикувањето на бројот на огласот, името и презимето на членовите на комисијата или нивните заменици, бројот на примените понуди, називот (името) на понудувачите, понудените цени, забелешките на понудувачите и други информации што ги смета за потребни.

Следствено на ова, преставниците на економските оператори имаат право на забелешки кои се внесуваат во записникот, а Комисијата одлучува кои други информации ќе бидат внесени во истиот.

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

**1. Во фазата на евалуација на понудите беше утврдено дека еден економски оператор ја има двапати прикачено изјавата за сериозност, но ја нема прикачено Изјавата за способност ниту пак документи за докажување на способноста. Дали може дополнително да се побара да се прикачи Изјавата за способност или пак да се отфрли понудата како неприфатлива понуда?**

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став 3 од законот, во прилог на понудата економските оператори доставуваат изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

Оттука, економските оператори може да бираат дали ќе достават изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

Имајќи предвид дека комисијата, евалуација на понудите ја врши почитувајќи ги принципите пропишани во членовите 3 - 8 од Законот за јавните набавки, треба да направи процена дали постапувањето по член 109 став 2 од законот, би можело да значи прекршување на наведениве начела, односно дали во конкретниов случај станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

**2. При спроведување на постапките каде како критериум за избор на најповолна понуда се користи најдобар однос помеѓу цената и квалитетот, а како поделемент се бодуваат образовните и професионалните квалификации на давателот на услугите, се утврди дека еден ист економски оператор кој има вработено/ангажирано одреден број на квалификуван кадар учествува и ги исполнува минималните критериуми во сите постапки (кои ние како договорен орган ги спроведуваме), и со него се склучени голем број договори кои се во фаза**

**на реализација. Од причина што во моментов целиот вработен/ангажиран квалификуван кадар со кој располага економскиот оператор е ангажиран во проекти кои се во фаза на реализација, дали постои законска можност во фаза на евалуација да се дисквалификува економскиот оператор знаејќи (од претходно склучените договори) дека нема доволен број на квалификуван кадар за успешна реализација на идните проекти?**

Врз основа на постоење на причини за исклучување од постапката, како и на неисполнување на бараните услови за квалитативен избор, комисијата може понудата на определен понудувач да ја исклучи од натамошна евалуација.

Откако ќе заврши со утврдување на способноста на понудувачите, комисијата треба да изврши оценка на техничките и финансиските понуди. Оние понуди кои се оценети како неприфатливи не одат во натамошниот тек на евалуација, без оглед на тоа во која фаза од евалуацијата е утврдено дека понудата е неприфатлива. При тоа, при утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата треба да појде од дефиницијата за „прифатлива понуда“.

Оттука, законот не дава можност оддреден економски оператор да биде исклучен од постапката од причини наведени во прашањето.

**3. Дали потребната документација за учество на постапка за јавна набава може да биде потпишана од лице кое не е управител или вработено/овластено лице кај економскиот оператор со уредно полномошно/овластување за потпишување на документацијата (адвокат или друго лице кое има електронски потпис)?**

Издавањето на овластување односно полномошно за потпишување на документација не е регулирано со Законот за јавните набавки, и оттаму Ве упатуваме во предвид да ги имате материјалните прописи со кои истото се уредува. Притоа, во овластувањето односно полномошното треба да биде наведена конкретната набавка за која се работи (број на оглас, предмет на набавка, назив на договорен орган кој ја спроведува постапката, како и називот на економскиот оператор во чие име и за сметка се издава).

**4. Дали е прифатлива понуда која е потпишана со дигитален сертификат со важност до 04.09.2021 година. Понудата е поднесена на 28.08.2021 година, а јавното отварање е на 07.09.2021 година. Дали дигиталниот сертификат ќе се смета за важечки бидејќи датумот на аплицирање на дигиталниот сертификат е пред јавното отварање, а тогаш е со валиден датум на потпишување на документите или понудата да биде отфрлена?**

Во постапките водени со користење на електронски средства преку ЕСЈН согласно со член 9 став (1) од Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 64/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 271/19), се употребува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис.

При проверка на документите потпишани со електронски потпис, согласно со ставот 4 од член 9 на Правилникот, за време на потпишување на документот се смета времето на аплицирање на електронски потпис на самиот документ. Електронски потпис треба да биде валиден до крајниот рок за поднесување на понудите (јавното отварање), пријавите за интерес или пријавите за учество.

**<u>СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА</u>**

**1. Дали и во колкав процент е дозволен анекс на основниот договор со оглед дека истиот е склучен пред два месеци и истекува на крајот на годината, или е подобро да се објави нова постапка бидејќи може со анексот да се надмине вредносниот праг на постапката?**

Договорот за јавна набавка согласно со член 119 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став (1)

точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119. Сепак, договорниот орган најнапред треба да утврди дали измената се смета за значителна, односно дали поради неа договорот значително се разликува од првично доделениот договор.

Кога договорот за јавна набавка се менува поради исполнување на условите од член 119 став (1) точки 2 и 3 на овој став, вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба. Договорниот орган е самостојно одговорен да утврди дали во конкретниот случај може да го примени горенаведениот член.

Примената на член 119 не е врзана со надминување на вредносниот праг за видот на постапката.

**<u>ПОДИЗВЕДУВАЊЕ</u>**

**1. Кои документи треба да се прикачат од Подизведувачот за да може понудата да биде прифатлива?**

Доколку понудувачот, согласно со член 118 став (2) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21), користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата: ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи; доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

При тоа, договорниот орган и за подизведувачот проверува дали постојат причини за исклучување од постапката, и дали се исполнети условите за квалитативен избор утврдени во членовите 89, 90, 91 и 92 од законот. Воедно, треба да се има предвид дека во однос на условите за квалитативен избор договорниот орган треба да провери дали предложениот подизведувач ги исполнува релевантните критериуми за утврдување на способноста, односно оние услови што се неопходни за да се изврши делот од договорот кој економскиот оператор го дал на подизведувачот.

**2. Колкав може да биде делот (изразен во проценти) од договорот за јавна набавка кој понудувачот може да го додели на подизведувач?**

Понудувачот може согласно член 118 став (1) и (2) од законот, дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата: ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи; доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи; доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

Иако законот процентуално не го определува делот од договорот за јавна набавка кој понудувачот може да додели на подизведувач, од самата одредба произлегува дека понудувачот може само дел (а не целиот) договор да даде на поддизведувач.

**ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ**

**1. Што значи „Измени на договорот за јавната набавка во текот на неговата важност“. Во договорите за јавна набавка на работи (реконструкција, доградба, надградба, изградба и сл.) е дефиниран рокот за изведбата на работите предмет на договорите. Дали тоа значи дека по истекот на овој рок, договорите не се во важност и дали после овој рок нема да може истите да бидат изменети поради разни околности, (продолжување на рокот поради епидемија на вирус, непредвидени дополнителни работи, вишоци на работи и сл.)?**

Договорот за јавна набавка согласно со член 116 став (2) од законот, се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

Склучениот договор за јавна набавка има важност до целосното реализирање на договорот (временски, вредносно или количински). Според тоа, договорот за јавна набавка, се смета за исцрпен во моментот кога ќе биде целосно временски, вредносно или количински реализиран.

На кој начин договорот за јавна набавка ке се смета за исцрпен (временски, вредносно или количински) треба да е утврдено со одредбите на самиот договор, при што доколку договорниот орган утврдил важност на договорот до вредносно или количински исцрпување на истиот ке се смета за истечен по целосно искористување на вредноста односно количините предвидени со договорот (вклучувајчи ги и измените на договорот направени во текот на неговата важност).

Воедно, договорните страни согласно со член 117 став (1) од законот, го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда, а согласно со став 3 од овој член, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи (меѓу кои се и одредбите за виша сила) и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

**2. Дали во вредноста од 20% од првичниот договор согласно член 119 став 2 од законот, се одбиваат кусоците на работи. На пример, ако договорот е со вредност 1.000.000,00 денари, Вкупната вредност на сите измени на основниот Договор не смее да надмине вредност од 1.200.000,00; или вкупната вредност на овие работи (измени поради вишоци и непредвидени работи) не смее да ја надмине вредноста од 20% (200.000,00 денари)?**

Договорот за јавна набавка согласно со член 119 од законот, во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119.

Кога договорот за јавна набавка се менува поради исполнување на условите од член 119 став (1) точки 2 и 3 на овој став, вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба не смее да надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба.

Договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со членот 119 став (1) точка 2 од законот, може да се измени во случаи кога се набавуваат стоки, услуги или работи од првичниот носител на набавка кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, и доколку замената на носителот на набавката:

- не е можна од економски или технички причини, како што се барањата во однос на заменливоста или интероперабилноста со постојната опрема, услуги или инсталации набавени во рамките на првичната постапка и

- ќе предизвика сериозни потешкотии или значително зголемување на трошоците на договорниот орган.

Овој основ за измена на договорот може да се користи само кога двата горенаведени услови се кумулативно исполнети. Воедно, договорниот орган во документацијата во врска со измените треба да вклучи објаснување на сите причини зошто се потребни стоките, услугите или работите, причините зошто тие не биле вклучени во основниот договор или рамковна спогодба, како и економските и техничките причини поради кои промената на првичниот изведувач не е можна.

Измена на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба е дозволена и во случај кога согласно со член 119 став (1) точка 3 од законот, промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба. Користењето на оваа можност за измена на договорот значи и обврска за договорниот орган да го докаже постоењето на непредвидливите околности, а документацијата за измените вклучува опис на измените, причините за нив и околностите поради кои договорниот орган не можел да ги предвиди при доделување на основниот договор или рамковна спогодба, како и објаснување зошто овие измени не ја менуваат природата на договорот или рамковната спогодба.

Напоменуваме дека, условите за измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност предвидени во точките 2 и 3 од член 119 став (1) од законот, се однесуваат на работи кои не биле вклучени во техничката спецификација, односно предмер пресметката, а кои се јавиле во текот на реализацијата на договорот и за истите се применува ограничувањето предвидено во член 119 став 2 од законот.

Додека пак, вишоците и кусоците произлегуваат од позиции кои биле предвидени во техничката спецификација, односно предмер пресметката, но во текот на реализацијата на договорот се јавиле одредени позитивни или негативни отстапувања. Начинот на постапување во случај на вишоци и кусоци треба да биде утврден со договорот за јавна набавка, а во согласност со материјалните прописи и професоналните практики во градежништвото и прописи со кои се уредуваат облигационите односи.

**3. Дали при реализација на договор за јавна набавка на работи и при појава на вишоци треба да се примени член 119 од законот?**

На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски согласно со член 117 став (3) од законот, покрај одредбите од Законот за јавните набавки соодветно се применуваат и одредбите од законот што ги уредува облигационите односи, како и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Вишоците и кусоците произлегувааат од позиции кои биле предвидени во техничката спецификација, односно предмер-пресметката, но во текот на реализација на договорот за јавна набавка се јавиле одредени позитивни или негативни отстапувања. Начинот на постапување во случај на вишоци и кусоци треба да биде утврден со договорот за јавна набавка, а во согласност со материјалните прописи и професоналните практики во градежништвото и прописите со кои се уредуваат облигационите односи. Согласно со професоналните практики, вишоците и кусоците (меѓусебно се пребиваат) и се внесуваат во градежната книга која ја води изведувачот на работите, а се потврдува од страна на надзорниот инженер.

Дополнителните и непредвидени работи се работи кои не биле вклучени во техничката спецификација, односно предмер пресметката, а кои се јавиле во текот на реализација на договорот и истите се регулираат со одредбите од Законот за јавните набавки кои се однесуваат на измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност (член 119 став (1) точки 2 и 3 од законот), притоа водејќи сметка вкупната вредност на измените да не надмине 20% од вредноста на првичниот договор или на рамковната спогодба (член 119 став (2) од законот).

**НАБАВКА НА ПОСЕБНИ УСЛУГИ**

**1. Договорниот орган има обврска да спроведе санитарен и систематски преглед на вработените. Секој од прегледите е посебна здравствена услуга и поединечно чини по околку 48 000 денари. Дали треба да се спроведува постапка за јавна набавка за прегледите, кои се различни но спаѓаат во здравствени услуги, или може секој преглед да се реализира поединечно без спроведување на постапка со оглед дека вредноста на секој од прегледите е под прагот и истите ќе се објават во кварталната евиденција?**

При определувањето каква постапка ќе се спроведе во конкретниот случај, предвид треба да се има Правилникот за посебните видови на услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/19) и Заедничкиот поимник за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.15/20) .

Јавната набавка на посебни услуги согласно со член 121 став 1 од законот, се врши во согласност со Глава V, членови 121, 122 и 123 од законот. Воедно, согласно со член 121 став 2 од законот, договорниот орган може да одлучи да ги врши јавните набавки од оваа Глава со користење соодветна постапка во согласност со членот 47 од овој закон, при што ги применува правилата за соодветната постапка.

Од увидот во Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, поконкретно на Прилогот, може да се утврди дека здравствените услуги спагаат во посебните услуги и за нив договорниот орган во зависност од проценетата вредност на набавката, истата може да ја реализира со примена на членови 121-123 од законот, додека санитарните пргледи не претставуваат посебни услуги и за истите треба да се спроведе постапка во согласност со член 47 од овој закон.

Воедно, при определувањето каква постапка ќе спроведете за одредена предметна набавка, предвид да ги имате и ставовите (8), (9) и (10) од член 20 од законот, во кој се содржани подетални одредби какви постапки треба да спроведе договорниот орган кога доделува конбинирани договори за јавни набавки.

Имајќи го предвид наведеното во Вашиот допис, напоменуваме дека договорниот орган може да ја рагледа опцијата и да спроведе две издвоени постапки.

Исто така, предвид треба да се има и одредбата од ставот 6 од член 40, согласно која вкупната вредност на набавките под вредносните прагови кај договорните органи од класичниот јавен сектор, не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Горенаведеното значи дека набавките за кои во текот на годината договорниот орган не спровел постапка за јавна набавка (туку истите ги извршил согласно со наведениов член), на годишно ниво не смее да го надминат прагот од 12.000 евра во денарска противвредност. Напоменуваме дека во прагот од 12.000 евра влегуваат и посебните услуги.

**КОНКУРСИ ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ**

**1. Во случај да ја објавиме проценетата вредност во огласот за конкурс за избор на идејно решение (во случај кога конкурсот за избор на идејно решение е дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуга) дали треба да се објави проценетата вредност како збир од проценатата вредност на договорот за јавна набавка на услуги и вкупниот износ на наградите на учесниците, или се објавува само вредноста на наградите?**

Со Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 година, не е предвидена обврска за договорниот орган во огласот задолжително да ја објави проценетата вредност на набавката.

Оттука, а имајќи во предвид дека конкурсот за избор на идејно решение планирате да го организирате како дел од постапка за јавна набавка на услуги, можете да ја објавите само

вредноста на наградите кои планирате да ги доделите, а не и проценетата вредност за набавката на услуги за изработка на проектна-техничка документација.

**2. Во член 124 став 3 од законот, зборот "подоцна" колку изнесува тој временски рок (еден, два месеци) за отпочнување со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас?**

Договорниот орган согласно член 75 став (1) од законот, врз основа на планираните извори за финансирање, донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Од друга страна, постапките со преговарање без објавување на оглас кои се спроведуваат врз основа на член 55 став 1 точка а) и точка г), како и став 3 точки б), г) и д) од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.64/19), не треба да се внесуваат во годишниот план за јавни набавки.

Од изнесеново произлегува дека постапката со преговарање без објавување на оглас која се спроведува согласно член 55 став 4 точка б), треба да биде внесена во годишниот план за јавни набавки. Тоа значи дека, ако наведенава постапка ви е внесена во годишниот план за јавни набавки, ќе треба да ја спроведете постапката во тековната година.

**3. Доколку договорниот орган во конкурсната документација предвиди да се додели една награда за идејното решение, дали во тој случај има обврска подоцна во преговорите да го покани само тој учесник или може/треба да покани и други учесници, најмалку уште двајца кои учествувале на конкурсот, со цел да се запазат начелата на кои се темелат јавните набавки?**

Постапката со преговарање без објавување на оглас врз основа на член 55 став 4 точка б) од законот, договорниот орган може да ја користи кога предметниот договор следува по спроведување конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници. Ако договорот се доделува на еден од најдобро рангираните учесници, договорниот орган ги поканува сите нив да учествуваат во преговорите.

Од изнесеново произлегува дека, договорниот орган во конкурсната документација утврдува дали договорот ќе се додели на најдобро рангираниот учесник (првонаградениот) или на еден од најдобро рангираните учесници, што значи дека договорниот орган треба да преговара со сите наградени учесници, а ќе го избере оној учесник кој е најповолен според критериумот за доделување на договорот.

**4. Дали член 126 став 4 од законот каде е наведено дека бројот на избрани учесници мора да биде доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција, ги обврзува договорните органи, во конкурсната документација да предвидат повеќе награди за учесниците со цел да се обезбеди поголема/вистинска конкуренција?**

Бројот на избрани учесници според членот 126 став (4) од законот, мора да биде доволен за да се обезбеди вистинска конкуренција. Иако бројот на избрани учесници не е конкретно дефиниран со законот, договорниот орган тешко ќе може да докаже дека е обезбедена вистинска конкуренција ако има само еден избран учесник на конкурсот. Така што, сметаме дека треба да се предвиди прва, втора и трета награда.

**5. Дали постапката за Конкурс за избор на идејно решение може да ја користам за да спроведам конкурс за изработка на илустрации кои ќе бидат вкомпонирани во дизајнот на јубилејната книга?**

Согласно член 2 став (1) точка 21 од законот, конкурс за избор на идејно решение“ е постапка која му овозможува на договорниот орган, главно во областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, да добие план или проект, кој ќе го избере жири комисија по распишување конкурс со или без доделување награди.

Имено, конкурсот за избор на идејно решение претставува специфична постапка која му овозможува на договорниот орган да стекне, главно во областа на просторното планирање, архитектурата и градежништвото или обработката на податоци, план или проект кој е избран од страна на жири-комисија, по спроведен конкурс со или без доделување награди.

Имајќи го предвид изнесеното сметаме дека, конкурсот нема да ја задоволи вашата конкретна потреба.

Воедно, ви укажуваме на можноста да спроведете постапка за набавка на услуги за графички дизајн или слично.

<u>**ПРАВНА ЗАШТИТА**</u>

**1. Во жалбена постапка Државната комисија за жалби одлучува дека жалба на понудувачот е неоснована. Дали договорниот орган може да пристапи кон потпишување на Договорите за јавни набавки, со оглед дека во одлуката на Државната комисија за жалби се даваат насоки дека согласно член 170 од законот и член 26 од Законот за управните спорови, против Решението незадоволната странка може да поднесе тужба пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението. Дали ова значи дека договорниот орган не смее да пристапи кон потпишување на Договорите уште 30 дена?**

Во согласност со Директивите за правна заштита, кога телото кое одлучува по жалби во постапките за јавни набавки не е судски орган, задолжително треба да се обезбеди судска заштита против неговите одлуките. Со оглед дека Државната комисија за жалби не е судски орган туку административно тело, незадоволната странка од одлуката на Државната комисија има право да покрене управен спор пред Управниот суд.

Во случај кога незадоволната странка од одлуката на Државната комисија покренува управен спор, тужбата нема суспензивно дејство, односно договорниот орган може да пристапи кон склучувањена договорот за јавна набавка.

**2. Имаме добиено жалба на тендерската документација. Како да постапиме, дали да продолжиме со постапката?**

Поднесената жалба согласно со член 157 став 1 од законот, го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија. Ова се однесува кога е вложено жалба на одлуката за избор на најповолна понуда.

Кога има изјавено жалба на тендерската документација, согласно Законот за јавни набавки жалбата не ја запира постапката, освен доколку не се побарани времени мерки од жалителот и истите се усвоени од Државната комисија за жалби по јавни набавки, што кај вас не е случај, бидејќи времените мерки се одбиени.

Иако, поднесената жалбата (во оваа фаза) не го одложува продолжувањето на постапката, имајќи предвид дека во жалбената постапка Државната комисија освен што постапува во границите на жалбените наводи, по службена должност проверува дали се сторени битни повредина постапката, договорниот орган самостојно треба да одлучи како ќе постапи во конкретната ситуација, односно дали ќе ја продолжи постапката или ќе ја почека одлуката на Државната комисија.

Истовремено, Ве известуваме дека во рокот за донесување на одлука за избор не се засметува периодот во кој договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

<u>**ДИГИТАЛЕН СЕРТИФИКАТ**</u>

**1. Преку ЕЈСН имаме купено пакет за докажување на способноста и тој е со важност до 13.07.2021 година. При учество во постапка за јавна набавка, договорниот орган не извести дека важноста на дигиталниот потпис на издадените документ (докази со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката и доказ за ) е во важност до 01.05.2021. Со оглед дека во моментот на обновување на документите, електронскиот потпис на надлежната институција е валиден, а документите не се постари од 6 месеци. Дали договорниот орган има право да не отфрли од постапката заради горенаведената причина?**

Документите од член 88 став (1) и (2) од законот, со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување на економскиот оператор од постапката за јавна набавка, не смее да бидат постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество.

Согласно со член 9 од Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/19), во постапките водени со користење на електронски средства преку ЕСЈН, се употребува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Со квалификуван сертификат за електронски потпис, се потпишуваат документите што самиот економски оператор ги составува. Останатите документи кои се бараат во постапката, а кои се издадени од други органи се приложуваат во оригинална електронска форма или во скенирана форма доколку се издадени во хартија.

Согласно горенаведеното, електронската форма на потребните документи издадени од надлежните органи е валидна (важечка) доколку е приложена во оригинална електронска форма и доколку истите не се постари од шест месеци од крајниот рок за поднесување на понуди или пријави за учество.

За валидноста на дигиталниот сертификат на електронската форма на документите одговорна е самата институција која ги издава документите. Доколку истиот (дигиталниот сертификат) бил валиден во моментот на потпишување на документите, истите се сметаат за уредно потпишани и издадени документи и не смеат да бидат отрфрлени од страна на договорниот орган во постапката на евалуација на понудите.

Доколку договорниот орган се сомнева во веродостојноста на документите издадени од надлежните органи, истиот треба да се обрати до издавачот на документот, односно до Централен регистар на РСМ.